Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02 и 82/08) и член 25 став 2 од Законот за основно образование (,,Службен весник на Република Македонија бр. 103/08) министерот за образование и наука ја утврди наставната програма по предметот *етика во религиите* за V одделение на осумгодишното основно образование.

1. ВОВЕД

Наставниот предмет **етика во религиите** е застапен во наставниот план на основното училиште во групата на изборните предмети во V одделение со 2 часа неделно. Учениците кои ќе се определат да го изучуваат овој предмет во согласност со своите родители можат да усвојуваат знаења од етиката што се темелат на православното христијанство, исламот, јудаизмот, католичкото и евангелско-методистичкото учење, да ги развиваат способностите за морално расудување и да се поттикнуваат да ги почитуваат хуманите односи меѓу луѓето.

Во првата тема од наставната програма се обработуваат содржини од етиката како наука за доброто и моралот. Втората тема дава преглед на заедничките принципи на религиските учења (православното христијанско учење, исламот, јудеизмот, католичкото и евангелско-методистичко учење). Третата тема им дава можност на учениците да изберат да ја изучуваат етиката на една од религиииите што се најзастапени во Република Македонија (етика на православното христијанско учење, етика на исламот, етика на јудеизмот, етика на католичкото и етика на евангелско-методистичко учење).

Ваквиот распоред на содржините и активностите создава основа секој ученик да се запознава со етиката и моралните вредности на наведените религии,. Со изучувањето на овој предмет учениците ќе стекнат основа да ги проширувааат знаењата и вештините за етиката и моралот.

За постигнување на оваа значајна цел неопходно е наставата да се поврзува со искуството на учениците од: мајчин јазик, запознавање на околината, природа, општество, историја, ликовно и музичко образование, а исто така, на часовите по овој предмет да се применува флексибилна организација на наставата, со наизменична групна и индивидуална работа, како и редовно да се следат активностите и постигањата на учениците.

2. Цели на наставата во V одделение

Ученикот/ученичката:

- да се запознава со етиката како наука за доброто и моралот;
- да се запознава со основите на етиката на православното христијанство, етиката на исламот, етиката на католичкото учење, етиката на јудаизмот и етиката на евангелско-методистичкото учење;
- да ги познава основните етички поими на религиите;
- да усвојува основни знаења од: Библијата, Куранот, Талмудот и начините на нивното читање и разбирање;
- да сознава дека религијата ги поучува луѓето да го прифаќаат и почитуваат хуманото однесување меѓу луѓето;
- да ги запознава и почитува различните религии на граѓаните во македонското општество;
- да развива вештини за толеранција, дијалог, почитување и соработка со другите.

3. **Конкретни цели**

| **ТЕМА I: ЕТИКАТА КАКО НАУКА ЗА ДОБРОТО И МОРАЛОТ (10 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да се запознава со значењето на наставниот предмет;<br><br>- да ги усвојува поимите етика и морал;<br><br>-да препознава и прифаќа хумано однесувањето меѓу луѓето;<br><br>-да се поттикнува на одговорно однесување кон самиот себе и кон другите;<br><br>- да се поттикнува на етички начин на расудување. | **Што е етика**<br><br>**Значењето на етиката**<br><br>**Што е морал**<br><br>**Значењето на моралот**<br><br>**Доброто како највисока етичка вредност** | Етика<br><br>Морал<br><br>Доброто како етичка вредност | Разговори за значењето на поимот етика со користење на текстови и илустрации за односите меѓу луѓето.<br><br>Запознавање и примена на правила на однесување меѓу учениците; меѓу учениците и возрасните, одговорноста на ученикот кон другите и кон себеси.<br><br>Низ разговори, дискусии и сл. учениците се поттикнуваат на етички начин на расудување за различни прашања и проблеми од секојдневниот живот.<br><br>Разговори/ дискусии и други слични активности за доброто како највисока етичка вредност. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Користење на текстови, илустрации и сл. за запознавање со моралните вредности и традициите на граѓаните во Република Македонија. |

| ТЕМА II: ЕТИКА ВО РЕЛИГИИТЕ (20 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да ги сознава заедничките етички основи на религиите;<br>- да открива дека етичкото учење на религиите се содржи во светите книги;<br>- да ги увидува заедничките правила за добро однесување и заеднички живот во религиите;<br>- да ги познава основните добродетели / вредности на човекот; | **Заеднички етички принципи на религиските учења** | Етичко учење<br>Свети книги<br>Правила за добро однесување<br>Заеднички живот<br>Добродетели – вредности на човекот | Преку одбрани примери се води разговор за правилата за доброто однесување според религиите<br>Истражувачка активност: набројување и опишување на правила за однесување во семејството, одделението, заедницата според религиските учења<br>Читање на текстови за основните човекови права, вистината, искреноста, лагата, измамата и сл.<br>Истражувачка активност според религиските учења за поимот “не убивај“ и “не сведочи лажно“ и “секогаш кажувај ја вистината“ и др. |
| - да се запознае со основните податоци за православното христијанство и најважните настани од | **Теориски основи на православното** | Христијанство<br>Православие | Разговор со учениците за нивните познавања за христијанството и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| животот на Господ Исус Христос;<br><br>-да осознава како се раширило христијанството во Македонија;<br><br>-да го увиди значењето на македонските светители и поважните цркви во Македонија;<br><br>- да осознае дека Библијата е света книга за сите христијани; | **христијанство** | Исус Христос<br><br>Син Божји<br><br>Раѓање – Божик<br><br>Христос – учител<br><br>Предавство (Велики четврток)<br><br>Страданија – Крст (Велики петок)<br><br>Воскресение – Велигден<br><br>Апостоли<br><br>Крштевање<br><br>Апостол Павле<br><br>Свети Климент и свети Наум Охридски<br><br>Познати цркви<br><br>Библија - Свето писмо<br><br>Стар и Нов завет | православието<br><br>Читање на библиски текстови за животот на Господ Исус Христос<br><br>Гледање филм и разговор за филмот за Христовиот живот на Земјата<br><br>Разговор за основните белези на христијанството<br><br>Со помош на библиски атлас или некое библиско илустрирано издание да се набројат некои градови во кои престојувал апостол Павле за време на своите патувања.<br><br>Да се покажат икони од апостол Павле, свети Климент и свети Наум Охридски, како и фотографии од познати цркви во Македонија.<br><br>Разгледување и разговор за Библијата. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се поттикнува да ги сознава и прифаќа разликите меѓу луѓето, нивното потекло (возраст, род, националност, вера и сл.);<br><br>- да се запознае со основните христијански правила за одржување на добрите односи во семејството и во заедницата;<br><br>- да осознава дека во заедницата секој треба да се залага за она што треба да го направи во заедничкиот живот; | **Етичката заснованост на православното христијанство** | Сличности и разлики помеѓу луѓето<br><br>Семејство<br><br>Заедница<br><br>Правила за добро однесување<br><br>Почитување<br><br>Одговорности на луѓето во заедничкиот живот | Наведување на примери искуства на учениците на однесувања кон возрасните, болните лица, лицата со посебни потреби, дискусија за алтернативи за давање помош на лицата на кои им е потребна; читање на библиски текстови кои зборуваат за почитта кон родителите и кон другите луѓе. |
| - да сознава што се добродетелите во животот за христијаните;<br><br>- да сознава зошто треба да избегнува лиши постапки;<br><br>- да се поттикнува да формира свое мислење кон лошото однесување;<br><br>-да сознава зошто е значајна | **Основите на православниот христијански морал** | Добри дела<br><br>Љубов<br><br>Мудрост<br><br>Праведност<br><br>Храброст<br><br>Умереност | Читање на текстови од Библијата каде се дадени примери дека луѓето треба да ги почитуваат и да им помагаат на другите луѓе без да прават верски или други разлики меѓу нив – пр.: Параболата за милостивиот Самарјанин; Запознавање со Десетте |

| | | | |
|---|---|---|---|
| хуманоста во општеството;<br><br>- да увидува дека секој човек може да згреши;<br><br>-да сфати дека љубовта е темел на човековиот живот и благосостојба;<br><br>- да ги сознава значењето и потребата од благодарност кон Бога и кон луѓето (особено кон родителите);<br><br>-да се поттикне да размислува за важноста на животот;<br><br>-да ја сознава важноста на трудот за формирањето на личноста;<br><br>-да открива зошто е важно секогаш да ја говориме вистината;<br><br>- да го сфати значењето на верноста - како христијански добродетел. | | Солидарност<br><br>Хуманост<br><br>Сочувствување<br><br>Помагање<br><br>Проштевање<br><br>Помирување<br><br>Миროљубивост<br><br>Праведност<br><br>Љубов кон ближните<br><br>Благодарност<br><br>Трудољубивост<br><br>Чување на дарот на животот<br><br>Вистинољубивост<br><br>Верност<br><br>Доверба | Божји заповеди како христијански правила за добро однесување.<br><br>Читање и разговори: библиски текст за блаженствата Матеј 5.3-12.<br><br>Библиски текстови во кои се опишуваат настани, добродетелност и вредности.<br><br>Разговори и опишување на примери од животот за сторените добри дела, љубов, праведност, храброст и сл.<br><br>Истражувачки активности и читање на текстови од Библијата со примери, како и разговори со учениците за споменатите христијански доблести.<br><br>Учениците изнесуваат примери за солидарност со другите, сочувствување, помагање, проштевање, помирување, праведност, љубов, трудољубивост, благодарност, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | вистинољубивост, верност и доверба.<br><br>Разговори со учениците како можат да направат некое хумано дело: собирање на облека, книги, играчки за оние на кои им се потребни. |
| -да се запознава со шесте елементарни услови на убедувања во исламското учење;<br><br>- да сознава дека Алах е еден и дека Алах е величествен според исламското учење;<br><br>- да сознава дека Мухамед а.с. е последен пратеник од Алах;<br><br>- да се запознае како е објавена книгата на Алах - Куранот;<br><br>- да ги запознае петте правила (услови) на исламот;<br><br>- да знае за корисата (индивидуална и општествена) од примената на овие услови; | **Теориски основи на учењето на исламот** | - Алах<br>- Мелек<br>- Китаб<br>- Ресул<br>- Кијамет<br>- Када и кадер<br>- Бог<br>- Создател<br>- Простувач<br>- Алахов пратеник<br>- Објава<br>- Шехадетот (сведочење)<br>- Намаз (молитва)<br>- Зекат (помош)<br>- Рамазан (пост)<br>- Аџилак (посета на свети места) | - Учениците и наставникот разговараат за правилата (условите) на исламот.<br>- На часовите наставникот употребува различни методи, како на пр. вербален, текстуален, демонстративно-илустративен метод, и соодветни наставни средства;<br>- Се употребуват различни форми на организацијата на наставата: фронтална работа, работа во групи, парови и индивидуална форма.<br>- Наставникот кажува примери од секојдневниот живот на муслиманите.<br>- Разгледување книги кои ги содржат овие услови.<br>- Отвора дијалог меѓу учениците за користа од |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да увидува дека исламот ги поттикнува луѓето на образование и дека ги цени образованите луѓе;<br>- да сознава како да ги почитува своите родители;<br>- да се поттикнува да прифаќа начини на добро однесување со своите браќа, сестри и со најблиските;<br>- да покажува интерес и милост кон малите деца;<br>- да знае за љубовта, почитта и разбирањето во семејството;<br>- да ја сфати улогата на семејството во општеството;<br>- да ги запознава и да ги прифаќа начините на поздравување на луѓето, без разлика на верата, родот или националноста;<br>- да ги почитува другите луѓе; | **Етичката заснованост на исламот** | -Селам<br><br>-Џамија | овие услови во индивидуалниот и општествениот живот.<br><br>-Читање и објаснување на петте први ајети објавени во Куранот: ,,Икра бисми раббике... и нејзиното значење. Ел алак: 1- 5.<br><br>-Читање и разговарање за наставни текстови за етиката во исламското учење.<br><br>-Разговори и читање на текстови за однесувањето кон своите родители<br><br>- Разговори и опишување на начините на поздравување меѓу луѓето од различка вера, род или националност<br><br>-Соработка на наставникот со родителите за воспитанието на нивните деца во училиштето и дома. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ги сознава основите на моралот во исламот;<br><br>- да сознава како да ги сака другите луѓе;<br><br>- да сознава кои работи се вредни во животот на човекот;<br><br>- да сознава за различните начини на помагање и покажување хуманост кон другите;<br><br>- да сознава колку е значајно човекот да биде чесен;<br><br>- да го разбере значењето на почитта во семејството, училиштето, на улица и во целото општество;<br>- да разбера дека на ниту еден начин не можеме да се скриеме од Алах;<br>- -да разбере дека лошите постапки го лутат и Алах и ги навредуваат другите;<br>- да увидува дека правењето на лоши дела е најлошото дејствие;<br>- да разбира дека се вратите на покајувањето се секогаш отворени;<br>- да разбира дека покајувањето ги помилува гревовите; | **Основите на исламскиот морал** | -Љубов<br><br>-Солидарност<br><br>- Хуманост<br><br>-Почитување<br><br>-Халал<br><br>-Харам<br><br>- Каење | -Наставникот организира дијалог за љубовта, солидарноста, хуманоста и почитување кон другите луѓе.<br><br>- Учениците и наставникот водат разговор за примери од секојдневието за добри дела, разгледуваат примери и разговараат за последиците од лошите дела. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да се запознае со основните податоци за католичкото христијанство и најважните настани од животот на Господ Исус Христос;<br><br>-да се запознава со библиските сведоштва за Христовото воскресение;<br><br>-да ги усвојува основните поими за католичкото христијанско учење;<br><br>-да го увиди значењето на македонските светители;<br><br>- да осознае дека Библијата е света книга за сите христијани; | **Теориски основи на католичкото учење** | Христијанство<br><br>Православие<br><br>Исус Христос<br><br>Син Божји<br><br>Раѓање – Божик<br><br>Христос – учител<br><br>Предавство (Велики четврток)<br><br>Страданија –(Велики петок)<br><br>Воскресение – Велигден<br><br>Апостоли<br><br>Крст<br><br>Крштевање<br><br>Црква:Базилика<br><br>Катедрала<br><br>Апостол Павле<br><br>Свети Климент и свети | Разговор со учениците за нивните познавања за христијанството и католичкото учење.<br><br>Читање на библиски текстови за животот на Господ Исус Христос.<br><br>Гледање филм и разговор за филмот за Христовиот живот на Земјата.<br><br>Разговор за основните белези на христијанството.<br><br>Со помош на библиски атлас или некое библиско илустрирано издание да се набројат некои градови во кои престојувал апостол Павле за време на своите патувања.<br><br>Да се покажат икони од апостол Павле, свети Климент и свети Наум Охридски, Блажена мајка Тереза, како и фотографии од познати цркви и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Наум Охридски<br><br>Библија - Свето писмо<br><br>Стар и Нов завет | базаилики во Македонија.<br><br>Разгледување на Библијата. |
| - да се поттикнува да ги сознава и прифаќа разликите меѓу луѓето (нивното потекло, возраст, род, националност, вера и сл.);<br><br>- да се запознае со основните христијански правила за одржување на добрите односи во семејството и во заедницата;<br><br>- да сознава дека во заедницата секој треба да се залага за она што треба да го направи во заедничкиот живот; | **Етичката заснованост на католичкото учење** | Сличности и разлики помеѓу луѓето<br><br>Семејство<br><br>Заедница<br><br>Правила за добро однесување<br><br>Почитување<br><br>Одговорности на луѓето во заедничкиот живот | Разгледување на примери на учениците за нивното однесување во семејството, одделенската заедница и на други места.<br><br>Читање на библиски текстови кои зборуваат за почитта кон родителите и кон другите луѓе. |
| - да ги сознава и објаснува десетте Божји заповеди;<br><br>- да согледува дека заповедите се сведуваат на љубов кон Бога и ближниот; | **Основи на католичкиот христијански морал** | Декалог<br><br>Мојсеј<br><br>Слобода<br><br>Човекови права | Разгледување на содржината на десетте Божји заповеди.<br><br>Разговори за значењата на Божјите заповеди и основните човекови права. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да согледува дека Божјите заповеди се правила за праведен и среќен живот за сите луѓе на Земјата;<br><br>- да ја сфати важноста на христијанското славење на неделата како ден Господов;<br><br>- да увидува дека секој човек може да згреши;<br><br>-да сфати дека љубовта е темел на човековиот живот и благосостојба;<br><br>- да го сознава значењето и потребата од благодарност кон Бога и кон луѓето (особено кон родителите);<br><br>- да се запознава со правилата за почитување на родителите во секојдневниот живот;<br><br>- да ја познава важноста на животот и значењето на зборот “не убивај“;<br><br>- да го согледа значењето на Божјата заповед “не кради“;<br><br>- да ги сфаќа поимите: љубомора, скржавост, кражба, добрина и дарежливост;<br><br>- да сознава зошто е важно и добро | | Добри дела<br><br>Десетте Божји заповеди<br><br>Божји закон<br><br>Правила за живот<br><br>Заповед на љубовта<br><br>Недела- ден господов<br><br>Кражба<br><br>Скржавост<br><br>Љубомора<br><br>Праведност<br><br>Дарежливост<br><br>Вистина<br><br>Искреност<br><br>Лага<br><br>Измама<br><br>Добрина | Читање на текстови за значењето на Божјите заповеди.<br><br>Библиски текстови во кои се опишуваат настани, добродетелност и вредности.<br><br>Разговори за поимите кражба, скржавост љубомора, праведност, дарежливост, вистина, лага, искреност и сл.<br><br>Истражувачки активности и читање на текстови од Библијата со примери, како и разговори со учениците за односите со родителите и благодарноста кон нив.<br><br>Учениците изнесуваат примери за вистината, вистинољубивоста, верноста и добрината.<br><br>Разговори со учениците за зависностите (дрога, цигари, алкохол) и за заштита од истите.<br><br>Разговор за добрите и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| секогаш да се зборува вистината;<br><br>- да се биде чувствителен за животот на другите;<br><br>- да согледува и именува опасности од современите зависности со кои денес најчесто младите паѓаат во замка;<br><br>- да препознава лоши друштва и лоши општествени влијанија; | | Чувствителност<br><br>Зависности | лошите друштва и нивното влијание во животот на луѓето. |
| - да се запознае со основните податоци за евангелско - методистичкото христијанско учење и најважните настани од животот на Господ Исус Христос;<br><br>-да сознава дека Библијата е темелен извор на христијанската вера;<br><br>-да го увиди значењето на македонските светители и поважните цркви во Македонија;<br><br>- да се запознава со историјата на Евангелско - методистичката црква;<br><br>- да сознава за работата на Евангелско - методистичката црква во Македонија; | **Теориски основи на евангелско - методистичкото учење** | Христијанство<br><br>Православие<br><br>Исус Христос<br><br>Син Божји<br><br>Раѓање – Божик<br><br>Предавство (Велики четврток)<br><br>Страданија – Крст (Велики петок)<br><br>Воскресение – Велигден<br><br>Апостоли<br><br>Крштевање | Разговор со учениците за нивните познавања за христијанството и православието.<br><br>Читање на библиски текстови за животот на Господ Исус Христос .<br><br>Гледање филм и разговор за филмот за Христовиот живот на Земјата.<br><br>Разговор за основните белези на христијанството.<br><br>Со помош на библиски атлас или некое библиско илустрирано издание да се набројат некои градови во |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Апостол Павле<br><br>Апостол Лука, Лидија<br><br>Д-р Хаус и Д-р Кларк<br><br>Свети Климент и свети Наум Охридски<br><br>Библија - Свето писмо<br><br>Стар и Нов завет<br><br>Советувања | кои престојувал апостол Павле за време на своите патувања.<br><br>Да се покажат икони на апостол Павле, свети Климент и свети Наум Охридски, како и фотографии од познати цркви во Македонија.<br><br>Разгледување на Библијата. |
| - да се поттикнува да ги сознава и прифаќа разликите меѓу луѓето (нивното потекло, возраст, род, националност, вера и сл.);<br><br>- да се запознае со основните христијански правила за одржување на добрите односи во семејството и во заедницата;<br><br>- да осознава дека во заедницата секој треба да се залага за она што треба да го направи во заедничкиот живот; | **Етичката заснованост на евангелско - методистичкото учење** | Сличности и разлики помеѓу луѓето<br><br>Семејство<br><br>Заедница<br><br>Правила за добро однесување<br><br>Почитување<br><br>Одговорности на луѓето во заедничкиот живот<br><br>Добри дела<br><br>Љубов | Наведување на примери на искуства на учениците на однесувања кон возрасните, болните лица, лицата со посебни потреби, дискусија за алтернативите за давање помош на лицата на кои им е потребна. Читање на библиски текстови кои зборуваат за почитта кон родителите и кон другите луѓе. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да сознава што се добродетелите во животот за христијаните;<br><br>- да сознава зошто треба да избегнува лиши постапки;<br><br>- да се поттикнува да формира свое мислење кон лошото однесување;<br><br>-да сознава зошто е значајна хуманоста во општеството;<br><br>- да увидува дека секој човек може да згреши;<br><br>-да сфати дека љубовта е темел на човековиот живот и благосостојбата;<br><br>- да го сознава значењето и потребата од благодарност кон Бога и кон луѓето (особено кон родителите);<br><br>-да се поттикне да размислува за | **Основите на моралот на евангелско - методистичкото учење** | Мудрост<br><br>Праведност<br><br>Храброст<br><br>Умереност<br><br>Солидарност<br><br>Хуманост<br><br>Сочувствување<br><br>Помагање<br><br>Проштевање<br><br>Помирување<br><br>Миродубивост<br><br>Праведност<br><br>Љубов кон ближните<br><br>Благодарност<br><br>Трудољубивост<br><br>Чување на дарот на животот | Читање на текстови од Библијата каде се дадени примери дека луѓето треба да ги почитуваат и да им помагаат на другите луѓе без да прават верски или други разлики меѓу нив – пр.: Параболата за милостивиот Самарјанин; Запознавање со Десетте Божји заповеди како христијански правила за добро однесување.<br><br>Читање и разговори: Библиски текст за блаженствата Матеј 5.3-12<br><br>Библиски текстови во кои се опишуваат настани, добродетелности и вредности.<br><br>Разговори и опишување на примери од животот за сторените добри дела, љубов, праведност, храброст и сл.<br><br>Истражувачки активности и читање на текстови од Библијата со примери, како |

| | | | |
|---|---|---|---|
| важноста на животот;<br><br>-да ја сознава важноста на трудот за формирањето на личноста;<br><br>-да открива зошто е важно секогаш да ја говориме вистината;<br><br>- да го сфати значењето на верноста - како христијански добродетел. | | Вистинољубивост<br><br>Верност<br><br>Доверба | и разговори со учениците за споменатите христијански доблести.<br><br>Учениците изнесуваат примери за солидарност со другите, сочувствување, помагање, проштавање, помирување, праведност, љубов, трудољубивост, благодарност, вистинољубивост, верност и доверба.<br><br>Разговори со учениците како можат да направат некое хумано дело: собирање на облека, книги, играчки за оние на кои им се потребни. |
| - да се запознае со основните податоци на јудаизмот, потеклото и историјата;<br><br>- да се поттикнува да покажува почит кон јудаизмот;<br><br>- да знае што е најважно за оваа религија;<br><br>- да ги именува заедничките корени и | **Теориски основи на Јудаизмот** | Мезуза<br><br>Менора<br><br>Маген Давид<br><br>Талит<br><br>Кипа<br><br>Цацит | Презентација на симболите (менора, мезуза, кипа и др.)<br><br>Цртање и изработка на симболите.<br><br>Цртање на мапа за живеење и селење.<br><br>Презентирање на фотографии со симболи на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| елементи на јудаизмот и другите религии;<br><br>-да го запознава националниот идентитет на Евреите;<br><br><br><br><br><br><br><br>- да се поттикнува да ги открива, разбира и прифаќа разликите меѓу луѓето (нивното потекло, возраст, пол, националност, религија и сл.);<br><br>-да сознава и разбира зошто човекот живее со другите луѓе;<br><br>- да се запознава со основните правила за одржување на добрите односи и работа во заедница со другите луѓе; | <br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>**Етичката заснованост на јудаизмот** | Тефелин<br><br>Кошер<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>Заедница<br><br>Сличности и разлики меѓу луѓето<br><br>Правила за однесување меѓу луѓето | Јудаизмот.<br><br>Разгледување слики од периодот на создавањето на Јудаизмот (краток историски преглед).<br><br>Гледање филм и дискусија за животот на Евреите во различни историски периоди.<br><br><br><br>Прикажување на фотографии на разни народи кои живеат во Израел, дискусија за обележјата на облеката кои ги прават различни едни од други.<br><br>Наведување на примери искуства на учениците на однесувања кон луѓето.<br><br>Разговор за Танах<br><br>Цртање на ситуации за добро и правилно однесување меѓу децата и возрасните. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да разбере дека постојат разни начини за да им помогнеме на луѓето;<br><br>-да сфати дека треба да се помага и да се прават добри дела;<br><br>- да сознава зошто треба да избегнува лоши постапки и да изгради свој став кон лошото однесување;<br><br>- да осознае дека  десетте  заповеди се за сите луѓе без разлика на верата, расата, полот и сл; | **Моралот во јудаизмот** | | Читање и на талмудска литература со мудрости, изреки и дискусии за нив.<br><br>Приказна за Естер.<br><br>Приказна за Рут.<br><br>Приказна за Јосиф.<br><br>Гледање цртан филм за Мојсие и дискусија за нив.<br><br>Боење на готови слики од приказната за Мојсие. |

| ТЕМА III. 1. ЕТИКАТА ВО ПРАВОСЛАВНОТО ХРИСТИЈАНСКО УЧЕЊЕ (изборен дел од наставниот предмет)<br><br>ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА ПРАВОСЛАВНОТО ХРИСТИЈАНСТВО (14 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да ги знае основните податоци за православното христијанско учење; | **Настанокот на православното христијанско учење** | Христијанство<br><br>Христијанска вера | Истражувачки активности и читање на пригодни текстови за настанокот на тема: Како настанало христијанството<br><br>Разговор за искуството на учениците (од претходните одделенија и од семејството) за верувањето во Господ Исус Христос. |
| - да познава текстови за раѓањето на Господ Исус Христос;<br><br>-да открива дека Господ Исус Христос живеел скромен живот на Земјата; | **Раѓањето на спасителот Исус Христос** | Исус Христос<br><br>Син Божји<br><br>Витлеем<br><br>Пештера<br><br>Пастири<br><br>Ангели | Читање на библиски текстови за раѓањето на Господ Исус Христос (Матеј 1, 18-25).<br><br>Гледање филм и разговор за филмот за Христовото раѓање.<br><br>Разговор со учениците за поздравот: Христос се роди! И отпоздравувањето: Навистина се роди! |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Мудреци<br><br>Мир<br><br>Радост<br><br>Христос се роди!<br><br>Навистина се роди! | |
| -да ги познава најважните случувања од животот на Земјата на Господ Исус Христос;<br><br>- да го увидува значењето на важната и чудната вест за Божјата љубов кон сите луѓе;<br><br>- да ја познава содржината на Исусовата радосна вест;<br><br>- да сознава дека Бог се грижи за луѓето и ги поучува како да се однесуваат;<br><br>- да знае како се слави Божик во црквите и семејството;<br><br>- да го разбере значењето на крштавањето; | **Најважни случувања од животот на Господ Исус Христос** | Христос - учител<br><br>Христос - чудотворец<br><br>Христос - безгрешен човек<br><br>Преображение<br><br>Велигден<br><br>Ерусалим<br><br>Тајна вечера<br><br>Јуда<br><br>Предавство<br><br>Велики петок<br><br>Страданија | Истражувачки активности и читање и водење разговор за библиски текстови за случувањата од животот на Господ Исус Христос на Земјата.<br><br>Поткрепа на овие настани со слики од илустрирана Библија, фрески, икони.<br><br>Разговор со учениците за животот на Господ Исус Христос на Земјата |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Крст | |
| - да се запознава со библиските сведоштва за Христовата смрт и воскресение;<br><br>- да го разбере значењето на крстот како знак на Христовата љубов и како свет знак на христијаните; | **Христовата смрт и воскресение** | Распнување<br><br>Воскресение<br><br>Велигденско јајце<br><br>Христос воскресе! | Истражувачки активности за запознавање со Христовото воскресение.<br><br>Разговори и читање на текстови за поздравот: Христос воскресе! И отпоздравот: Навистина воскресе! |
| - да знае како е основана Христовата црква; | **Црквата го продолжува Христовото дело** | Црква<br><br>Апостоли<br><br>Христијанска заедница<br><br>Свет дух | Библиски текстови во кои е опишано основањето на првите христијански заедници.<br><br>Икони, фрески кои ги отсликуваат овие настани. |
| - да ги усвојува основните поими за православното христијанско учење; | **Основните поими за православното христијанско учење** | Симбол на верата<br><br>Господова молитва<br><br>Крст | Разговор за основните белези на христијанството: крст, храм, манастир, икона, свештеник, владика. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Крштевање<br><br>Храм<br><br>Црква<br><br>Манастир<br><br>Икона<br><br>Фреска<br><br>Постење | |
| - да знае како се основани првите христијански заедници во Македонија; | **Христијанството во Македонија** | Апостол Павле<br><br>Апостол Лука<br><br>Лидија | Со помош на библиски атлас или некое библиско илустрирано издание да се набројат некои градови во кои престојувал апостол Павле за време на своите патувања.<br><br>Библиски текстови - Дела 16,8-17,14<br><br>Икони на свети апостол Павле |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се запознава со дејноста на македонските светители;<br><br>- да сознава дека Библијата е темелен извор на христијанската вера; | **Македонски светители** | Свети Климент<br><br>Свети Наум<br><br>Свети Кирил<br><br>Свети Методиј<br><br>Охридска школа<br><br>Резби<br><br>Мозаици | Разговор за значењето на македонските светители.<br><br>Фотографии од црквата Св. Климент на Плаошник и манастирот Свети Наум Охридски.<br><br>Запознавање со житијата и иконите на македонските светители.<br><br>Разгледници од цркви и манастири, од фрески и икони.<br><br>Резби и мозаици. |
| - да осознава како настанала Библијата и каде се користи;<br><br>- да сфати како треба да ги чита и разбере библиските текстови. | **Содржина и поделба на Библијата** | Библијата - запишан Божји збор<br><br>Света книга | Разгледување на Светата книга.<br><br>Разговор со учениците за Библијата. |

| ЕТИЧКА ЗАСНОВАНОСТ НА ПРАВОСЛАВНОТО ХРИСТИЈАНСТВО (10 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да се поттикнува да ги сознава и прифаќа разликите меѓу луѓето, нивното потекло (возраст, род, националност, религија и сл.);<br><br>-да разбира зошто човекот живее со други луѓе;<br><br>- да се запознава со основните правила за одржување на добри односи и работа во заедница со другите луѓе;<br><br>- да ги запознава и прифаќа правилата на добри меѓусебни односи на учениците во активностите во одделението; | **Заедница на луѓето**<br><br>**Правила за добро однесување со другите во заедницата**<br><br>**Основни вредности на заедничкото живеење: грижа, помош, солидарност, разбирање и почитување** | Заедница<br><br>Сличност и разлики меѓу луѓето<br><br>Правила за однесување меѓу луѓето<br><br>Солидарност<br><br>Помош<br><br>Толеранција | Разговори со учениците за разликите меѓу луѓето ( возраст, родова, националност, религија и др.).<br><br>Учениците и наставникот истражуваат и читаат одбрани текстови, водат разговори и наведуваат примери за следниве правила: Внимателно слушај додека некој зборува - секој заслужува внимание и почит; Дозволи му на другиот да го каже она што сака; Не исмејувај никого; Не озборувај никого; Радувај се на способносите и на успесите на секој; Имај доверба во себе (и ти можеш да направиш и кажеш нешто вредно); Јави се за збор и зборувај слободно и искрено; Биди добар другар и пријател, посебно кога на некој му е потребна твојата помош; Кон учителите и кон сите членови на одделенската заедница развивај чувство на почит и педантност, како и на слобода и самостојост; Посебно внимание посветувај на твојата |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ги прифаќа правилата на добри односи со родителите;<br><br>-да покажува доверба и љубов кон блиските во семејството;<br><br>-да сознава дека во заедницата секој треба да се залага за она што треба да го направи за заедничкиот живот;<br><br>-да знае да изрази благодарност кон родителите за љубовта и грижата која постојано ја добива од нив;<br><br>-да ја сознава потребата за своето однесување со почит кон наставниците и духовните лица;<br><br>- да запознава начини како да им помогне на своите родители;<br><br>- да знае за Пресвета Богородица која е пример за сите мајки на Земјата. | **Семејство и семеен живот**<br><br>**Правила за добро однесување во семејството**<br><br>**Однесување кон себе и кон другите луѓе** | Семејство<br><br>Семеен морал<br><br>Одговорности на членовите на семејството<br><br>Возрасни лица<br><br>Наставници<br><br>Свештеници<br><br>Власт<br><br>Благослов<br><br>Моралност<br><br>Граѓански закон | одделенска заедница, не се затворај во своето “друштво“, туку пронајди време и за оние кои не припаѓаат на друштвото.<br><br>Набројуваат различни заедници на луѓето (одредуваат сличности и разлики, меѓу луѓето во една или повеќе заедници).<br><br>Истражувачки активности за одговорноста во семејството.<br><br>Наведување примери  за искуства на учениците на однесување кон возрасните, болните лица, лицата со посебни потреби, дискусија за алтернативи за давање помош на лицата на кои им е потребна.<br><br>Читање и раскажување на библиски текстови кои зборуваат за родителскта љубов и за почитта на децата кон своите родители.<br><br>Разработка на библиски текстови кои го опишуваат животот на Пресвета Богородица. |

| ПРАВОСЛАВЕН ХРИСТИЈАНСКИ МОРАЛ (18 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да сознава на што се темели христијанската моралност;<br>-да запознава кои работи ги вреднуваме како добродетели во животот;<br>-да сознава кои се највисоките христијански добродетели;<br>-да ги открива во секојдневниот живот позитивните примери за развивање на пријателството;<br>- да сознава дека христијанската вера најдобро се изразува преку добрите дела; | **Добродетели - вредности на христијаните: добри дела, љубов, мудрост, праведност, храброст, умереност** | Добри дела<br>Љубов<br>Мудрост<br>Праведност<br>Храброст<br>Умереност | Библиски текст за блаженствата Матеј 5.3-12.<br>Библиски текстови во кои се опишуваат настани, добродетелност и вредности.<br>Разговори и опишување на примери од животот за сторените добри дела, љубов, праведност, храброст и сл. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да сознава дека треба да ја цени и прифаќа хуманоста и милосрдието;<br><br>-да открива дека постојат разни начини за да им помогнеме на луѓето; | **Важни одлики кои треба да ги поседува секој христијанин** | Солидарност<br><br>Хуманост<br><br>Сочувствување<br><br>Помагање. | Разговори со учениците како можат да направат некое хумано дело: собирање на облека, книги, играчки за оние на кои им се потребни.<br><br>Учениците изнесуваат примери за солидарност со другите, сочувствување, помагање.<br><br>Разговори и читање на одбрани текстови за хуманоста на човекот. |
| -да увидува дека секој човек може да згреши;<br><br>-да прифаќа да се преиспитува и да се покае за своите грешки;<br><br>-да се поттикнува да избегнува лоши и неправедни постапки; | **Покајание-преиспитување на себе си** | Покајание<br><br>Помирување<br><br>Проштавање | Читање на библиски текстови:<br><br>Јосиф (1. Мојсеј 37-46 глава);<br><br>Изгубениот син (Лука 15,11-32);<br><br>За должникот (Матеј 18, 21-35).<br><br>Разговори за сторените грешки и истите да не се повторуваат во животот.<br><br>Разговор и опишување на примери за проштавањето за направените грешки, кога искрено се покајува лицето за грешките. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да го сфаќа значењето на мирот за животот на луѓето;<br><br>- да го цени мирот и секогаш да се залага за мир; | **Значењето на мирот и мирољубивоста на човекот** | Мир<br><br>Мирољубивост | Истражувачки активности и читање на текстови и разговори со учениците за мирот и мирољубивоста - миротворците; зошто тие се наречени синови Божји (Седмо блаженство). |
| -да сознава што е праведност и да прифаќа да биде праведен во животот;<br><br>-да сознава дека праведниот секогаш цврсто и храбро стои на страната на вистината;<br><br>- да сознава што е неправда и дека неправдата доведува до незадоволство кај луѓето; | **Праведен живот според Христовите заповеди** | Правда<br><br>Праведност<br><br>Солидарност<br><br>Неправда | Разговори за гладните и жедните за правда (Четврто блаженство).<br><br>Разговор за гонетите заради правда (Осмо блаженство).<br><br>Читање текстови и изнесување примери од животот поврзани со правдата, солидарноста и неправдата. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да сфати дека љубовта е темел на човековиот живот и благосостојба; | **Законот на љубовта - најголем закон даден од Бога** | Љубов<br><br>Љубов кон ближните | Читање на библиски текст за љубовта<br><br>(1.Кор. 13, 1-13).<br><br>Христијански заповеди:<br><br>1. Возљуби го господа.<br><br>2. Возљуби го својот ближен како себе си. |
| - да го сознава значењето и потребата од благодарност кон Бога и кон луѓето (особено кон родителите); | **Благодарноста на човекот кон Бога** | Благодарност<br><br>Радост<br><br>Евхаристија-причест<br><br>Леб | Разговор за благодарноста на човекот кон Бога.<br><br>Разгледување на фрески од причествувањето на апостолите. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да се поттикне да размислува за важноста на животот;<br><br>-да го сознае значењето на Божјата заповед: не убивај;<br><br>-да прифаќа да го избегнува насилството и судирот меѓу своите врсници со трпеливост, разговор и проштавање; | **Чувај го дарот на животот и животот на другите** | Живот<br><br>Не убивај!<br><br>Дар Божји<br><br>Каин<br><br>Авел<br><br>Грижа<br><br>Помош | Шеста Божја заповед: Не убивај! (2.Мојсеј.29,13)<br><br>Читање на библиската книга за Каин и Авел. |
| -да ја сознава важноста на трудот за формирањето на личноста;<br><br>-да се запознава со учењето дека Бог го благословува трудот и дека трудот го изразува достоинството на човекот и неговата личност;<br><br>- да сознае дека неделата е ден за одмор; | **Христијанското вреднување на работата** | Работа<br><br>Трудољубивост<br><br>Должности<br><br>Недела ден Господов<br><br>Четврта Божја заповед | Разговор за Четвртата Божја заповед.<br><br>Разговори и опишување примери од животот за работата, трудољубивоста, должностите на заедниците, родителите, наставниците и на другите луѓе.<br><br>Разговор за неделата - ден за одмор. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ја разбере мислата: Не сведочи лажно;<br><br>-да открива зошто е важно секогаш да ја говориме вистината;<br><br>-да увиди преку примери од животот дека лагата доведува до неволји; | **Сакај ја вистината со зборови и дела** | Вистина<br><br>Лага<br><br>Вистинољубие | Читање и разговор за библискиот текст: деветтата Божја заповед.<br><br>Библиски примери: Јуда, Ана, Кајфа, лажни сведоци, Петар, (Матеј 26, 57-75)<br><br>Читање текстови за примери од животот поврзани со вистината, лагата, вистинољубието.<br><br>Учениците изнесуваат примери од животот од кои се гледа дека лагата доведува до неволји. |
| - да го сфати значењето на верноста - како христијански добродетел;<br><br>-да сознава дека со изневерувањето ја губиме довербата меѓу луѓето. | **Што значи да се биде верен** | Верност<br><br>Доверба<br><br>Доверување<br><br>Изневереност | Читање и разговор за седмата Божја заповед: Не прави прељуба!<br><br>Читање на текстови со содржина за верноста и довербата меѓу луѓето (блиски и пријатели).<br><br>Разговор на оваа тема и изнесување други примери од животот. |

| ТЕМА III. 2. ЕТИКАТА ВО ИСЛАМСКОТО УЧЕЊЕ (иборен дел од наставниот предмет)<br><br>ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА ИСЛАМОТ (14 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Основни поими** | **Методи и активности** |
| Ученикот/ ученичката:<br><br>-да ги запознае шесте елементарни услови / убедувања во исламското учење;<br><br>да ги разбира карактеристиките на Алах џ.ш.;<br>да сознава дека Алах е еден и дека Алах е величествен;<br>да научи како се искажува благодарност на Алах;<br>да сознава дека Алах е сожалив и ќе ги помилува луѓето за нивните гревови.<br><br>- | **-Основи на исламското учење**<br><br>**-Алах џ.ш. во исламското учење** | - Алах<br>- Мелек<br>- Китаб<br>- Ресул<br>- Кијамет<br>- Када и кадер<br><br>- Бог<br>- Создател<br>- Простувач | - На часовите наставникот употребува различни методи, како на пр. вербален, текстуален, демонстративно-илустративен метод, и соодветни наставни средства.<br><br>- Во овој предмет, се употребуваат различни форми на организација на наставата, како што се: фронтална работа, работа во групи, парови и индивидуална форма.<br>- На часовите се водат разговори, се цитират песни и илахии.; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да сознава дека Мухамед а.с. е последен пратеник од Алах;<br>- да разбира дека тој е како сите други поранешни Алахови пратеници, како на пр. Ибрахим, Муса, Иса;<br>- да сознава дека Мухамед е како сите други луѓе, се родил, живеел и починал;<br>- да знае како е објавена книгата на Алах - Куранот;<br>- да се запознава со раѓањето на Мухамедот а.с., неговата детство и младост;<br>- да се запознава со неговиот живот во семејството;<br>- да се запознава со почетокот на објавувањето на Куранот;<br>- да ги запознава тешкотиите што ги доживеал на почетокот;<br>- да знае за хиџретот на Мухамедот а.с. од Мека во Медина.<br>- да знае за смртта на Мухамедот а.с.; | - **Мухамед а.с. во исламското учење** | - Алахов пратеник<br>- Објава | - Различни книги кои зборуваат за животот на Мухамед а.с.<br>- Гледање на филмови иинсерти за животот на Мухамед а.с.<br>- Разговор со учениците за филмовите и животот на Мухамед а.с.<br>- Користење на географски карти за објаснување на различните движења на Мухамед а.с. |
| - да сознава дека Куранот е книга објавена од Алах џ.ш.;<br>- да разбере дека Куранот е книга објавена од Алах преку Мелекот Џебраил кај Мухамед а.с.; | - **Куранот во исламското учење** | - Куран<br>- Објавување<br>- Џебраил | - Наставникот им покажува на учениците Куран на арапски јазик, превод на јазикот на кој се изведува |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да знае дека е сочуван оригиналот на Куранот како што е објавен;<br>- да сознава дека според исламското учење читањето на Куранот е ибадет; | | - Мека<br>- Медина<br>- Ибадет | наставата и на други јазици.<br>- Ги запознава учениците како се чита Куранот (начин на читање и пронаоѓање на текстови во Куранот). |
| - да ги разбере петте услови на исламот;<br>- да разбере дека исламот е теорија и практика;<br>- да знае за корисата (индивидуална и општествена) од примената на овие услови; | - **Правила (услови) на исламот** | - Шехадет<br>- Намаз<br>- Зекат<br>- Рамазан<br>- Аџилак<br>- Милосрдие | - Наставникот употребува вербално-текстуален метод;<br>- кажува примери од секојдневниот живот на муслиманите;<br>- разгледување книги кои ги содржат овие услови;<br>- отвора дијалог меѓу учениците за корисата од овие услови во индивидуалниот и општествениот живот. |
| - да се оспособува како да ја чува хигиената на телото, алиштата и местото каде што живее;<br>- да разбере дека чистотијата е една половина на вероисповедта;<br>- да разбере дека без хигиена не се прифаќа ниту намазот;<br>- да се оспособува за земање абдес и миењето на целото тело;<br>- да се оспособува за чување на своето здравје; | **-Чистотијата во исламското учење** | - Гусул<br>- Абдес | - Наставникот употребува текстови и илустрации и им ги чита на учениците.<br>- Разгледува фотографии и ЦД кои содржат теми за чистотијата во исламското учење. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ја сознава вредноста на учењето на намазот;<br>- да ја сознае формата на намазот;<br>- да ги познава времињата на дневниот намаз;<br>- да се запознава со вредноста на џума намазот и намазот со џемат (луѓе); | **- Намазот во исламското учење**<br><br>**- Зекет во исламското учење (милосрдие)** | - Езан<br>- Намаз<br>- Џума<br>- Џемат | - Наставникот покажува илустрации и чита текстови за начинот на клањање на намаз.<br>- Покажува филмски инсерти кои го објаснуват намазот.<br>- Отвора дебати меѓу учениците окулу намазот.<br>- Разговара со учениците за зекетот во исламот. |
| - да ја знае вредноста на постот - Рамазан;<br>- да ја разбира и открива користа од постот за сиромашните и општеството;<br>- да сознава дека постењето Рамазан ги зближува сите муслимани;<br>- да ја сознава поврзаноста на рамазанот и светата книга Куранот; | - **Постот на Рамазан во исламското учење** | - Суфур<br>- Ифтар<br>- Намаз на таравии | - Освен наставните текстови, наставникот опишува примери од секојдневието на муслиманскиот пост и разговара со учениците околу начинот на постот, ифтарот и суфурот во нивните семејства. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се запознава со значењето на аџилакот;<br>- да го знае времето и местото каде се оди на аџилак;<br>- да сознава дека аџилакот е светски конгрес на исламот;<br>- да се запознава со историјата на градењето на Ќабе;<br>- да ја сознава поврзаноста на Ќабе со сите профети, од Ибрахим до Мухамед а.с. | - **Аџилакот и молитвите во исламското учење** | - Аџилак<br>- Молитви<br>- Ќабе<br>- Арафат<br>- Бајтулах | - Разгледување на фотографии и филмски инсерти од аџилак и светите места. |

| ЕТИЧКАТА ЗАСНОВАНОСТ НА ИСЛАМОТ (10 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Основни поими** | **Методи и активности** |
| Ученикот/ ученичката:<br><br>- да сознава дека Алах ги сака образовните луѓе;<br>- да увидува дека исламот ги поттикнува луѓето на образование и дека ги цени образованите луѓе;<br>- да сознава дека без образование човекот (според исламот) не може да го запозне и обожава Алах џ.ш; | - **Исламската етика во училиштето** | | -Читање и објаснување на 5-те први ајети објавени во Куранот: ,,Икра бисми раббике... и нејзиното значање. Ел алак: 1- 5.<br><br>-читање текстови за етиката во исламското учење. |
| - да сознава како да ги почитува своите родители;<br>- да прифаќа начини на добро однесување со своите браќа, сестри и со најблиските;<br>- да покажува интерес и милост кон малите деца; | - **Исламската етика во семејниот живот** | | -Соработка на наставникот со родителите околу воспитанието на нивните деца во училиштето и дома. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да знае за љубовта, почитта и разбирањето во семејството;<br>- да ја сфати улогата на семејството во општеството; | | | |
| - да открива како започнува работата;<br>- да ја сфати важноста на работата во животот на луѓето и напредокот во светот;<br>- да сознава дека Алах ги сака луѓето што работат; а не ги сака тие што не работат;<br>- да сфаќа дека преку работата и учењето се развива и формира личноста на ученикот во училиштето и во семејството; | - **Исламската етика во работата** | | |
| - да се запознава со исламското поздравување - селамот;<br>- да ги запознава и да се поттикнува да ги прифаќа начините на поздравување на сите луѓе, без разлика на верата, родот или националноста;<br>- да ги почитува сите луѓе; | - **Правила на поздравување во исламот** | -Селам | - Наставникот и учениците водат разговор за начинот на поздравување со селам и неговото значење; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ја запознава улогата на џамијата во исламот;<br>- да се запознае со подготовките што се прават пред заминување во џамија;<br>- да ги запознае правилата на однесувањето во џамија;<br>- да сознава дека луѓето во џамија се воспитуваат да прават добри дела и да се чуваат од злобните дела;<br>- да ја сознава поврзаноста меѓу џамијата и хигиената;<br>- да ја запознае улогата на џамијата во духовното воспитување и моралот на поединецот и општеството;<br>- да ги знае податоците за првата џамија – Ќабе; | - **Правила на однесување во џамија** | -Џамија<br>-Месџид<br>-Михраб<br>-Курси<br>-Минбер<br>-Махфил<br>-Ќабе<br>-Алакса | -Организирање разговор за однесувањето на учениците во џамија.<br>-Фотографиски погледи на различни џамии;<br>- видеоснимки, разгледници од џамијата Ќабе во Мека, џамијата на Мухамедот а.с. во Медина и џамијата ал Акса во Ерусалим. |
| -да се поттикнува да расудува за праведноста;<br>-да го сознава значењето на животот на човекот;<br>- да се поттикнува да го избегнува насилството;<br>- да ги сознава одговорностите кон себе и кон другите. | **Моралот на поединецот во општеството**<br><br>**Одговорност кон себе и кон другите** | - Воспитување<br>- Морал<br>- Индивидуа<br>- Општество | Разговори и читање текстови за воспитувањето и моралот на поединецот и општеството на тема: Праведен живот, Не убивај, сакај ја вистината.<br><br>Разговор за одговорноста кон себе си, другите и во општеството. |

| ОСНОВИ НА ИСЛАМСКИОТ МОРАЛ (18 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Основни поими** | **Методи и активности** |
| Ученикот/ ученичката:<br><br>-да ги сознава основите на моралот во исламот;<br>- да сознава како да ги сака другите луѓе;<br>- да сознава кои работи се вредни во животот на човекот;<br>- да сознава за различните начини на помагање и покажување хуманост кон другите; | - **Особините на добриот верник** | -Љубов<br>-Солидарност<br>- Хуманост<br>-Почитување | -Наставникот организира дијалог за љубовта, солидарноста, хуманоста и почитувањето кон другите луѓе. |
| - да сознава колку е значајно човекот да биде чесен;<br>- да го разбере значењето на моралот во семејството, училиштето, на улица и во целото општество;<br>- да разбера дека на ниту еден начин не можеме да се скриеме од Алах; | - **Заштита од лошите дела** | -Халал<br>-Харам | - Учениците и наставникот водат разговор за примери од секојдневието за добрите дела и разгледуваат примери и разговараат за последиците од лошите дела; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - -да разбере дека лошите постапки го лутат и Алах и ги навредуваат другите.<br>- да го разбира значењето на човекот кај Алах;<br>- да увидува дека правењето на лоши дела е најлошото дејствие;<br>- да разбира дека вратите на покајувањето се секогаш отворени;<br>- да разбира дека покајувањето ги помилува гревовите;<br>- да ги научат најзначајните празници, празникот на Фитер - бајрам и на Курбан - бајрам;<br>- да го увидува поврзувањето на празниците со Рамазан и аџилак;<br>- да го сознава поврзувањето меѓу празниците и хуманоста на човекот кон сиромашните и сирачињата со Садекатул фитер и курбан;<br>- да ја запознава постапката и значењето на курбанот;<br>- да ги запознава правилата и однесувањето со луѓето на празниците;<br>- да сознава дека ноќта на кадр е најзначајната ноќ во исламот;<br>- да разбира дека почетокот на објавувањето на Куранот се случило токму во ноќта на кадр. | - **Покајување од лошите дела**<br><br>- **Исламското однесување и почитување на празниците**<br><br>**- Празниците и хуманоста на човекот** | - Каењето<br>- Тевбе<br>- Истигфар<br><br>- Фитр<br>- Курбан<br>- Бајрам<br>- Кадр | -Текстови од Куранот и хадиси на Мухамедот а.с.<br>- Разговор со учениците за начинот на покајување.<br><br>- Рецитирање на текбири.<br>- Рецитирање на илахии и песни на исламските празници<br>- Разговор околу начинот на манифестацијата на исламските празници.<br>- Разговор околу начинот на колење на курбани.<br>- Разговор и истражувачка активност на тема: Значењето на курбанот во исламското учење. |

| ТЕМА III.3 : ЕТИКАТА ВО КАТОЛИЧКОТО ХРИСТИЈАНСКО УЧЕЊЕ (изборен дел од наставниот предмет)<br><br>ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА КАТОЛИЧКОТО ХРИСТИЈАНСТВО (14 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да се запознава со основните податоци за католичкото христијанско учење; | **Настанокот на католичкото христијанско учење** | Христијанство<br><br>Христијанска вера | Читање на пригодни текстови за настанокот на христијанството.<br><br>Разговор за искуството на учениците за верувањето во Господ Исус Христос. |
| - да се запознава со текстовите за раѓањето на Господ Исус Христос;<br><br>-да открива дека Господ Исус Христос живеел скромен живот на Земјата; | **Раѓањето на спасителот Исус Христос** | Исус Христос<br><br>Син Божји<br><br>Витлеем<br><br>Пештера<br><br>Пастири<br><br>Ангели<br><br>Мудреци<br><br>Мир | Читање на библиски текстови за раѓањето на Господ Исус Христос (Матеј 1, 18-25).<br><br>Гледање филм и разговор за филмот за Христовото раѓање.<br><br>Разговор со учениците за поздравот: Христос се роди! И отпоздравувањето: Славете го! |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги познава најважните случувања од животот на Земјата на Господ Исус Христос;<br><br>- да го открива значењето на важната и чудна вест за Божјата љубов кон сите луѓе;<br><br>- да ја познава содржината на Исусовата радосна вест;<br><br>- да сознава дека Бог се грижи за луѓето и ги поучува како да се однесуваат;<br><br>- да знае како се слави Божиќ во црквите и семејството;<br><br>- да го разбере значењето на крштевањето; | **Најважните случувања од животот на Господ Исус Христос** | Радост<br><br>Христос се роди-Славете го!<br><br>Христос - учител<br><br>Христос - чудотворец<br><br>Христос - безгрешен човек<br><br>Преображение<br><br>Велигден<br><br>Ерусалим<br><br>Тајната вечера<br><br>Јуда<br><br>Предавство<br><br>Велики петок<br><br>Страданија<br><br>Крст | Библиски текстови за случувањата од животот на Господ Исус Христос на Земјата.<br><br>Поткрепа на овие настани со слики од илустрирана библија, фрески, икони. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се запознае со библиските сведоштва за Христовата смрт и воскресението;<br><br>- да го разбере значењето на крстот како знак на Христовата љубов и како свет знак на христијаните; | **Христовото воскресение** | Распнување<br><br>Погребение<br><br>Воскресение<br><br>Христос воскресе! | Истражувачки активности за запознавање со Христовото воскресение.<br><br>Разговори и читање на текстови за поздравот: Христос Воскресе! и отпоздравот: Навистина Воскресе! |
| - да знае како е основана Христовата црква; | **Црквата го продолжува Христовото дело** | Црква<br><br>Апостоли<br><br>Христијанска заедница<br><br>Свети дух | Библиски текстови во кои е опишано основањето на првите христијански заедници.<br><br>Илустрирани слики, икони, фрески кој ги отсликуваат овие настани. |
| - да ги усвојува основните поими за католичкото христијанско учење; | **Основни поими за католичкото христијанско учење** | Симбол на верата<br><br>Господова молитва<br><br>Крст | Разговор за основните белези на христијанството: крст, храм, манастир, икона, папа, епископ, свештеник, ѓакон, верник. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Крштевање<br><br>Црква: базилика, катедрала, парохиска црква, капела<br><br>Молитва | |
| - да знае како се основани првите христијански заедници во Македонија; | **Христијанството во Македонија** | Апостол Павле<br><br>Лидија | Со помош на библиски атлас или некое библиско илустрирано издание да се набројат некои градови во кои апостол Павле престојувал за време на своите патувања.<br><br>Библиски текстови - Дела 16,8-17,14.<br><br>Икони на свети апостол Павле |
| - да ги знае основните податоци за македонските светители;<br><br>- да сознава дека Библијата е темелен извор на христијанската вера; | **Македонски светители** | Свети Климент<br><br>Свети Кирил<br><br>Свети Методиј<br><br>Блажена Мајка Тереза | Разговор за значењето на македонските светители.<br><br>Фреска од XI век во црквата Свети папа Климент во Рим „Рапата Адријан II со браќата Кирил и Методиј“<br><br>Запознавање со житијата и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | иконите на македонските светители. |
| - да сознава како настанала Библијата и каде се користи;<br><br>- да се сфати како треба да ги чита и разбере библиските текстови. | **Библијата - запишан Божји збор** | Библијата - запишан Божји збор<br><br>Света книга | Разгледници од цркви и манастири, фрески и икони.<br><br>Резби и мозаици. |

| ЕТИЧКАТА ЗАСНОВАНОСТ НА КАТОЛИЧКОТО ХРИСТИЈАНСКО УЧЕЊЕ (10 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката:<br><br>- да се поттикнува да ги открива, разбира и прифаќа разликите меѓу луѓето (потекло, возраст, пол, националност, религија и сл.);<br><br>- да го открива значењето на правилата за однесување и почитување меѓу луѓето;<br><br>-да развива чувство на одговорност за заштита на нашата планета Земја, дом и татковина;<br><br>-да познава правила за зачувување на животната средина; | **Правила за добро однесување**<br><br>**Почитување и заедништво**<br><br>**Јас и другите заедно**<br><br>**Одговорност за нашата планета Земја**<br><br>**Екологија** | Правила, квалитетни меѓучовечки односи.<br><br>Заедница, одделенска заедница, разлики и сличности меѓу луѓето, меѓусебна поврзаност.<br><br>Животна средина<br><br>Екологија | Разговор со учениците за разликите и сличностите меѓу луѓето.<br><br>Преку одбрани примери се води разговор за добро однесување.<br><br>Примери на правила за однесувањето на луѓето.<br><br>Разгледување на искуствата на учениците за однесувањата во семејството, одделенската заедница, училиштето и на други места.<br><br>Разгледување на искуствата на учениците за зачувување на животната средина.<br><br>Изработка на состави на тема: |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да се запознае човекот како посебно битие;<br><br>- да развива чувство на благодарност кон Бога. | **Човекот во Божјиот поглед и неговата благодарност кон Бога** | Божјата мудрост и добрина | “Заштита на нашата планета Земја“ и разговор за содржината и идеите што се изнесени во нив. |

| КАТОЛИЧКИ ХРИСТИЈАНСКИ МОРАЛ (18 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да се набројат и објаснат Десетте Божји заповеди;<br>-да сознава зошто Бог ги дава своите заповеди;<br>-да сознава дека Божјите заповеди не ја загрозуваат нашата слобода;<br>-да согледува дека сите заповеди се сведуваат на љубов кон Бога и ближниот;<br>-да го согледува значењето на Десетте заповеди и основните човекови права;<br>-да ги сфати Божјите заповеди како правила за живот;<br>-да ги согледува последиците во непочитувањата на правилата од секојдневниот живот;<br>- да согледува дека Божјите заповеди се правила за праведен и среќен живот | **Божјите заповеди – пат во слобода**<br><br>**Заповедите Божји – правила за живот** | Декалог, Мојсеј, слобода, човекови права<br><br>Десетте Божји заповеди, Божји закон, правила за животот | Разгледување на текстови поврзани со содржината на Десетте Божји заповеди.<br>Разговори меѓу учениците и наставникот за значењето на Божјите заповеди и основните човекови права во животот на луѓето.<br><br>Читање на текстови за Десетте Божји заповеди од детската илустирана Библија и разговор со учениците за нивното значење во животот на секој човек. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| за сите луѓе на Земјата;<br><br>-да увидува дека луѓето грешат кога со псовки, клевети и лоши зборови го навредуваат Бог и човекот;<br><br>-да ја разбере важноста за славење на Бог во заедница;<br><br>-да ја сфати важноста на христијанското славење на неделата, како ден Господов; | **Бог е единствен Господ – љуби го и почитувај го денот Господов** | Еден Бог, поклонување на Бог, псовка, ден Господов | Користење на библиски текстови<br><br>Писмено и усно изразување, групна и индивидуална работа на тема: "Христијанското славење на неделата како ден Господов." |
| -да го открие значењето на зборот *почитување* на родителите;<br><br>- да се запознава со правилата за почитување на родителите во секојдневниот живот;<br><br>-да се запознае со одговорноста на членовите во семејството;<br><br>-да согледува како треба да се однесува со повозрасни лица;<br><br>-да ја познава важноста на животот и значењето на зборот „не убивај";<br><br>-да се поттикнува да избегнува насилство ; | **Почитувај ги родителите и чувај го животот** | Родители и постари, почитување, дар на животот, „не убивај" | Користење на библиски текстови<br><br>Писмено и усно изразување, групна и индивидуална работа на тема: "Како ги чувствувам родителите и го чувствувам својот живот". |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да го согледа значењето на Божјата заповед „не кради“ во семејството, училиштето и на други места;<br><br>- да ги сфаќа поимите: љубомора, скржавост и кражба (поврзани со конкретни приказни);<br><br>- да го сознава значењето на добрината и дарежливоста;<br><br>-да го сознава значењето на заповедта „не сведочи лажно против својот ближен“; | **Живеј праведно – не кради и не посакувај туѓи работи** | Кражба<br><br>Скржливост<br><br>Љубомора<br><br>Праведност<br><br>Дарежливост | Истражувачки активности и разговор на теми за: лажење на родителите поради лоша оценка во училиштето, лага поради игра со другарите, да се сокријат некои работи, лажно да се зборува против другите, да се измисли нешто против некој, да се измами некој.<br><br>Разговори со учениците поврзани со конкретни приказни од животот и искуството на учениците на тема љубомора, скржавост и кражба. |
| - да сознава зошто е важно и добро секогаш да се зборува вистината;<br><br>-да согледува како може во разни настани од животот лагата да доведува до разни неволји;<br><br>- да увидува како треба да постапи кога ќе се погреши и кога нешто ќе се излаже; | **Биди вистинит во зборовите и делата** | Вистина, искреност, лага, лажно сведочење, измама | Разговори за следните вредности: да се каже вистината, да се признае грешката, да се извини, искрено да се исповеда за лагата и измамата. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да согледа дека љубовта е темел на христијанството, како и на човековиот живот и благосостојба;<br>- да го согледа и правилно да го вреднува сопствениот животен повик;<br>- да ја увидува важноста на вистинољубивоста, праведноста, добрината и доследноста во сопствениот живот; | **Христијански закон на љубовта**<br><br>**Исусовите ученици - сведоци на вистината и љубовта** | Добри дела<br>Љубов<br>Вистина<br>Љубов кон Бог и ближниот<br>Учениците на Исус, апостоли, сведоци | Користење на библиски текстови на теми за: љубов, вистина, добри дела.<br>Писмено и усно изразување, групна и индивидуална работа на теми за: вистинољубивоста и праведноста. |
| -да ги сознава своите предности и недостатоци;<br>-да согледува дека секој човек е упатен на други луѓе со кои живее;<br>- да се поттикнува да биде чувствителен за потребите на другите; | **Да се биде Христов ученик - повик и послание**<br><br>**Секој од нас е единствен и потребен на другиот** | Христов ученик, повик, послание<br>Личност<br>Јас<br>Човекот– општествено битие | Користење на библиски текстови.<br>Писмено и усно изразување, групна и индивидуална работа.<br>Користење на библиски текстови и разговор на тема за животот на луѓето во општествената заедница. |
| -да ги согледува проблемите со кои младите најчесто се среќаваат во пубертетот; | **Предизвици на пубертетот** | Пубертет, телесен развој, општетсвен развој, судири во пубертетот | Користење на библиски текстови<br>Писмено и усно изразување, групна и индивидуална работа на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ги запознава причините поради кои доаѓа до недоразбирање со родителите и повозрасните и да ги наведува начините за нивно решавање;<br><br>-да ги согледува и именува опасностите од современите зависности со кои денес младите најчесто паѓаат во замка;<br><br>-да препознава лоши друштва и лоши општествени влијанија;<br><br>-да го осознава значењето на слободата како дар Божји за да правиме секогаш добро, а да го избегнуваме злото; | **Замки на современите зависности** | Зависност, дрога, пушење, алкохол | тема предизвици на пубертетот.<br><br>Користење на библиски текст.<br><br>Писмено и усно изразување, групна и индивидуална работа на тема “Замки на современите зависности“.<br><br>Истражувачки активности на тема: “Значењето на слободата“. |

**ТЕМА III.4 ЕТИКАТА ВО ЈУДАИЗМОТ (иборен дел од наставниот предмет)**

**ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА ЈУДАИЗМОТ (14 часа)**

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ ученичката:<br><br>- да се запознае што се учи на часовите по јудаизам;<br><br>- да го запознава националниот идентитет на Евреите;<br><br>- да се поттикнува да сознава за историјата на јудаизмот;<br><br>- да сфати кој е Господ и каков е односот кон Бога во јудаизмот; | **Зошто се учи јудаизмот**<br><br>**Јудаизмот – основа на другите религии**<br><br>**Дијаспората на Евреите и јудаизмот**<br><br>**Почетокот и развојот на јудаизмот**<br><br>**Господ е еден и единствен. Неговото име е Јахве (Јехова) и поради светоста не е дозволено да се изговара неговото име.** | Мезура<br><br>Менора<br><br>Маген Давид<br><br>Талит<br><br>Кипа<br><br>Цицит<br><br>Тефелин<br><br>Кошер<br><br>Сојуз со Бога (Што значи тоа?) | Презентација на симболите (менора, мезуза, кипа и др.).<br><br>Цртање и изработка на симболите.<br><br>Цртање мапа на живеењето и селењето на Евреите.<br><br>Разговор за значењето на поврзаноста на јудаизмот со другите религии.<br><br>Презентирање на фотографии со симболи од јудаизмот.<br><br>Слики од периодот на развој на јудаизмот (краток историски преглед).<br><br>Разговор за ширењето на јудаизмот.<br><br>Емитување филм за животот на Евреите во разни периоди и дискусија. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да развива чувство на соживот, љубов и соработка;<br><br>- да сфати дека убивањето е најголемо зло;<br><br>- да знае за холокаустот и за страдањата;<br><br>- да знае што е антисемитизам;<br><br>- да поттикне интерес за животот на Евреите во Македонија;<br><br>- да знае што е Тора;<br><br>- да знае кои се другите свети книги и нивното значење и улога во животот на Евреите;<br><br>- да сознава на што не учат светите книги; | **Предрасуди**<br><br>**Кога се случило**<br><br>**Какви се последиците, никогаш повторно да не се случи**<br><br>**Податоци за еврејската култура во Македонија**<br><br>**Светите книги на јудаизмот** | Зло<br><br>Шоа<br><br>Холокауст<br><br>Антисемити<br><br>Тора<br><br>Невиим<br><br>Кетавим<br><br>Танах<br><br>Мишна<br><br>Гемара | Читање и дискусија на приказни од Библијата.<br><br>Читање текстови и водење разговори на тема: ,,Заедничкото живеење меѓу луѓето".<br><br>Проекција на филмови и документи.<br><br>Разговор за Еврејската заедница во Република Македонија<br><br>Посета на Музејот на холокаустот<br><br>Фотографии за тоа како изгледа Тората.<br><br>Читање приказни. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се зазема за моралните вредности според јудаизмот;<br><br>- да се поттикне развивањето на духовната сила за да опстане човекот. | | | Драматизација на приказни. |

| ЕТИЧКАТА ЗАСНОВАНОСТ НА ЈУДАИЗМОТ (10 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката:<br><br>- да се поттикнува да ги открива, разбира и прифаќа разликите меѓу луѓето, нивното потекло (возраст, пол, националност, религија и сл.);<br><br>-да сознава и разбира зошто човекот живее со другите луѓе;<br><br>- да се запознава со основните правила за одржување на добрите односи и работата во заедница со другите луѓе;<br><br>- да ги запознава и да ги прифаќа правилата на добрите меѓусебни односи во активностите во одделението;<br><br>- да ги прифаќа правилата на добрите односи со родителите;<br><br>-да покажува доверба и љубов кон блиските во семејството;<br><br>-да сознава дека во заедницата секој треба да се залага за она што треба да | **Правила за добри односи, почитување и заедништво**<br><br>**Основни грижи за заедничкото живеење**<br><br>**Грижа и помош**<br><br>**Солидарност**<br><br>**Разбирање и толеранција**<br><br>**Односи во семејството** | Заедница<br><br>Сличности и разлики меѓу луѓето<br><br>Грижа<br><br>Помош<br><br>Солидарност<br><br>Правила за однесување меѓу луѓето<br><br>Семејство<br><br>Семеен морал<br><br>Одговорности на членовите на семејството<br><br>Возрасни лица | Учениците и наставникот дискутираат и наведуваат прмери за следниве правила: Внимателно слушај додека некој зборува - секој заслужува внимание и почит; дозволи му на другиот докрај да го кажа она што сака; Не исмејувај никого; Не озборувај никого; радувај се на способносите и на успесите на секој; имај доверба во себе (и ти можеш да направиш и да кажеш нешто вредно); Јави се за збор и зборувај слободно и искрено; Биди добар другар и пријател, посебно кога на некој му е потребна твојата помош; Кон учителите и кон сите членови на одделенската заедница развивај чувство на почит и педантност, како и на слобода и самостојност; посебно внимание посветувај на твојата одделенска заедница, не се затворај во своето друштво, туку пронајди време и за оние кои не му припаѓаат. Набројуваат различни заедници на луѓето |

| | | | |
|---|---|---|---|
| го направи за заедничкиот живот;<br><br>-да знае да изрази благодарност кон родителите за љубовта и грижата која постојано ја добива од нив;<br><br>-да ја сознава потребата за своето однесување со почит кон наставниците и духовните лица;<br><br>- да запознава начини како да им помогне на своите родители. | **Однесување кон себеси и кон другите** | | (одредуваат сличности и разлики, меѓу луѓето во една или повеќе заедници).<br><br>Наведување на примери за искуства на учениците на однесувања кон возрасните, болните лица, лицата со посебни потреби, дискусија за алтернативи за помош на лицата на кои им е потребна помош.<br><br>Библиски текстови кои зборуваат за родителската љубов и за почитта на децата кон своите родители.<br><br>Талмудска литература со мудрости, изреки и нивно толкување. |

| МОРАЛОТ ВО ЈУДАИСТИЧКОТО УЧЕЊЕ (18 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката:<br><br>-да разбере што значи љубов кон човекот воопшто;<br><br>- да сознава дека добрината е најголем дар;<br><br>-да сфати дека треба да се помага и да се прават добри дела;<br><br>-да сознава дека треба да признава кога ќе направи грешка и да бара прошка;<br><br>-да сознава зошто треба да избегнува лоши постапки и да изгради свој став кон лошото однесување;<br><br>-да го усвои начелото на љубовта како темелно животно искуство; | **Љубов кон блискиот**<br><br>**Цедака - степени**<br><br>**Добродетелство**<br><br>**Прави што е добро и исправно**<br><br>**Омраза**<br><br>**Не мрази во срцето**<br><br>**Озборување** | Цедака<br><br>Простување<br><br>Омраза<br><br>Љубов<br><br>Лошо однесување | Стих од Тората и како тоа се толкува од рабините (Рамбан, Раби, Акива, Хилеи, Шамај).<br><br>Толкувања од Тората.<br><br>Приказна за успехот на добро дело.<br><br>Глумење ситуации во животот.<br><br>Отворена дискусија на темите.<br><br>Приказна за Естер.<br><br>Приказна за Рут. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да сознава дека треба да ја цени и прифаќа хуманоста;<br><br>-да разбере дека постојат разни начини за да им помогнеме на луѓето;<br><br>-да разбере дека секој човек може да згреши;<br><br>-да се поттикнува да избегнува лоши и неправедни постапки; | **Добро дело (кое добро дело го направи денес)**<br><br>**Простување**<br><br>**Важни одлики кои треба да ги поседува секој човек** | Добро дело<br><br>Солидарност<br><br>Хуманост<br><br>Сочувствување<br><br>Помагање и сл.<br><br>Помирување<br><br>Простување | Разговори со учениците како можат да направат некое хумано дело: собирање на облека, книги, играчки за оние на кои им се потребни, посета на стари лица.<br><br>Приказна за Јосиф.<br><br>Разговори за сторените грешки и истите да не се повторуваат во животот. |
| - да го разбере значењето на мирот за животот на луѓето;<br><br>- да го цени мирот и секогаш да се залага за мир; | **Значењето на мирот и миројубивоста на човекот** | Мир<br><br>Мирољубивост | Читање на текстови и разговори со учениците за мирот. |
| -да сознава што е праведност и да прифаќа да биде праведен во животот;<br><br>-да сознава дека праведниот секогаш цврсто и храбро стои на страна на вистината;<br><br>- да сознава што е неправда и дека неправдата доведува до незадоволство кај луѓето; | **Важни одлики на секој Евреин** | Правда<br><br>Праведност<br><br>Солидарност<br><br>Мудрост<br><br>Праведност | Драматизации на библиски приказни со акцентирање на секоја одлика. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да осознава што значи да поседуваш добра одлика и да бидеш добар Евреин;<br><br>- да забележи дека Божјите заповеди се правила за праведност и среќен живот на сите луѓе. | **Десетте божји заповеди** | Храброст<br><br>Умереност<br><br>Почит<br><br>Среќа<br><br>Верба<br><br>Љубов | Илустрација преку гледање филм за Мојсие.<br><br>Симулација на ситуации од секојдневието во кои се акцентираат десетте Божји заповеди.<br><br>Цртање на настани. |

| III. 5. ЕТИКАТА ВО ЕВАНГЕЛСКО - МЕТОДИСТИЧКОТО ХРИСТИЈАНСКО УЧЕЊЕ<br><br>(изборен дел од наставниот предмет)<br><br>ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА ЕВАНГЕЛСКО - МЕТОДИСТИЧКОТО ХРИСТИЈАНСКО УЧЕЊЕ (14 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да сознава дека Библијата е темелен извор на христијанската вера;<br><br>- да сознава како настанала Библијата и каде се користи;<br><br>-да сфати како треба да ги чита и разбере библиските текстови;<br><br>- да познава текстови за раѓањето на Господ Исус Христос;<br><br>-да открива дека Господ Исус Христос живеел скромен живот на Земјата; | **Света книга - Библија**<br><br>**Содржина и поделба на Библијата**<br><br>**Раѓањето на спасителот Исус Христос** | Црква<br><br>Библија – запишан Божји збор<br><br>Исус Христос<br><br>Син Божји<br><br>Витлеем<br><br>Пештера<br><br>Пастири | Запознавање со Библијата – книга над книгите<br><br>Разгледување на илустрирана библија за млади и водење разговор со учениците на тема “Како настанала Библијата“.<br><br>Разговор за искуството на учениците (од претходните одделенија и од семејството) за верувањето во Господ Исус Христос.<br><br>Читање на библиски текстови за раѓањето на Господ Исус Христос (Матеј 1, 18-25).<br><br>Гледање филм и разговор за филмот за Христовото раѓање. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги познава најважните случувања од животот на Господ Исус Христос;<br><br>- да го увидува значењето на чудната вест за Божјата љубов кон сите луѓе;<br><br>- да ја познава содржината на Исусовата радосна вест;<br><br>- да сознава дека Бог се грижи за луѓето и ги поучува како да се однесуваат;<br><br>- да знае како се слави Божиќ во црквите и семејството;<br><br>- да го разбере значењето на крштевањето на Исус Христос; | **Најважни случувања од животот на Господ Исус Христос** | Ангели<br><br>Мудреци<br><br>Мир<br><br>Радост<br><br>Христос се роди!<br><br>Навистина се роди!<br><br>Христос - учител<br><br>Христос - чудотворец<br><br>Христос - безгрешен човек<br><br>Преображение<br><br>Реката Јордан | Разговор со учениците за поздравот: Христос се роди! и отпоздравувањето: Навистина се роди!<br><br>Читање и водење разговор за библиски текстови за случувањата од животот на Господ Исус Христос на Земјата.<br><br>Поткрепа на овие настани со слики од илустрирана библија. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да запознава библиски сведоштва за Христовото воскресение;<br><br>- да го разбере значењето на крстот како знак на Христовата љубов и како свет знак на христијаните;<br><br>- да знае како е основана Христовата црква; | **Христовото воскресение**<br><br>**Црквата го продолжува Христовото дело** | Велигден<br><br>Ерусалим<br><br>Тајната вечера<br><br>Јуда<br><br>Предавство<br><br>Велики петок<br><br>Страданија<br><br>Крст<br><br>Распнување<br><br>Воскресение<br><br>Христос воскресе!<br><br>Црква<br><br>Апостоли<br><br>Христијанска заедница<br><br>Свет дух | Истражувачки активности за запознавање со Христовото воскресение.<br><br>Разговори и читање на текстови за поздравот: Христос Воскресе! и отпоздравот: Навистина Воскресе!<br><br>Библиски текстови во кои е опишано основањето на првите христијански заедници и делата на апостолите. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ги усвојува основните поими за христијанството во евангелско методистичкото учење;<br><br>- да се запознае со реформаторите на Евангелско-методистичката црква:<br>- Мартин Лутер;<br>- Џон Веслеј; | **Основата на учењето и основните поими во евангелско-методистичкото учење**<br><br>**Реформатори во евангелско-методистичкото учење** | Христијанство<br>Христијанска вера<br>Симбол на верата<br>Господова молитва<br>Крст<br>Крштевање<br>Храм<br>Црква<br>Постење | Разговор со учениците за христијанството и Христос<br><br>Разговор за основните белези на христијанството: крст, храм, црква, свештеник, епископ и др.<br><br>Читање текстови и разговор за значењето на Мартин Лутер и Џон Веслеј. |
| -да знае за првите христијански заедници; | **Христијанството во Македонија** | Апостол Павле<br>Апостол Лука<br>Лидија | Учениците со помош на библиски атлас или некое библиско илустрирано издание да набројат некои градови во кои престојувал апостол Павле за време на своите патувања. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да се запознае со историјата на Евангелско-методистичката црква во Македонија и нејзиниот културен, историски и духовен придонес;<br><br>- да знае како се основани првите христијански заедници во Македонија;<br><br>- да сознае за работата на Евангелско-методистичката црква во Македонија. | **Мисионери**<br><br>**Македонски светители** | Мис Стон<br><br>Д-р Хаус, д-р Кларк<br><br>Владимир Даскалов и др.<br><br>Свети Кирил<br><br>Свети Методиј<br><br>Советување<br><br>Разговор | Библиски текстови - Дела 16,8-17,14 и разговор за значењето на мисионерите.<br><br>Прикажување на документарни филмови за работата на мисионерите.<br><br>Разговор за значењето на македонските светители.<br><br>Преведување на Библијата. |

| ЕТИЧКА ЗАСНОВАНОСТ НА ЕВАНГЕЛСКО - МЕТОДИСТИЧКОТО ХРИСТИЈАНСКО УЧЕЊЕ (10 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да сознае дека извор на христијанската етика е Библијата;<br><br>- да се поттикнува да ги открива, разбира и прифаќа разликите меѓу луѓето (нивното потекло, возраст, пол, националност, религија и сл.);<br><br>-да сознава и разбира зошто човекот живее со други луѓе;<br><br>- да се запознава со основните правила за одржување на добри односи и работа во заедница со другите луѓе;<br><br>- да ги запознава и прифаќа правилата на добри меѓусебни односи на учениците во активностите во одделението; | **Правила за добро однесување со другите во заедницата**<br><br>**Основни вредности на заедничко живеење: грижа, помош, солидарност, разбирање и почитување** | Заедница<br><br>Сличности и разлики меѓу луѓето<br><br>Правила за однесување меѓу луѓето | Учениците и наставникот читаат одбрани текстови, водат разговори и наведуваат примери за следниве правила: Внимателно слушај додека некој зборува - секој заслужува внимание и почит; Дозволи му на другиот докрај да го каже она што сака; Не исмејувај никого; Не озборувај никого; Радувај се на способносите и на успесите на секој; Имај доверба во себе (и ти можеш да направиш и да кажеш нешто вредно; Јави се за збор и зборувај слободно и искрено; Биди добар другар и пријател, посебно кога на некој му е потребна твојата помош;<br><br>Разговор со учениците на тема: “Чувство на почит и педантност, како и на слобода и самостојност“; Посебно внимание посветувај на твојата одделенска заедница, не се |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ги прифаќа правилата на добрите односи со родителите;<br><br>-да покажува доверба и љубов кон блиските во семејството; | **Правилата за добро однесување во семејството** | Семејство<br><br>Семеен морал<br><br>Одговорности на членовите на семејството<br><br>Возрасни лица<br><br>Наставници<br><br>Свештеници<br><br>Власт | затворај во своето друштво, туку пронајди време и за оние кои не припаѓаат на друштвото.<br><br>Набројуваат различни заедници не луѓето (одредуваат сличности и разлики, меѓу луѓето во една или повеќе заедници). |
| -да сознава дека во заедницата секој треба да се залага за она што треба да го направи за заедничкиот живот;<br><br>-да знае да изрази благодарност кон родителите за љубовта и грижата која постојано ја добива од нив;<br><br>-да ја сознава потребата за своето однесување со почит кон наставниците и духовните лица;<br><br>- да запознава начини како да им помогне на своите родители; | **Однесување кон себе и кон другите луѓе** | Благослов<br><br>Моралност<br><br>Граѓански закон | Наведување на примери и искуства на учениците на однесувања кон возрасните, болните лица, лицата со посебни потреби, дискусија за алтернативи за помош на лицата на кои им е потребна помош.<br><br>Библиски текстови кои зборуваат за родителската љубов и за почитта на децата кон своите родители. |

| МОРАЛОТ ВО ЕВАНГЕЛСКО - МЕТОДИСТИЧКОТО ХРИСТИЈАНСКО УЧЕЊЕ (18 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да сознава дека христијанската вера најдобро се изразува преку добрите дела;<br>-да запознава кои работи ги вреднуваме како добродетели во животот;<br>-да сознава кои се највисоките христијански добродетели;<br>-да ги открива во секојдневниот живот позитивните примери за развивање на пријателството; | **Добродетели (вредности на христијаните): добри дела, љубов, мудрост, праведност, храброст, умереност** | Добри дела<br>Љубов<br>Мудрост<br>Праведност<br>Храброст<br>Умереност | Библиски текст за блаженствата Матеј 5.3-12.<br>Библиски текстови во кои се опишуваат настани, добродетелност и вредности.<br>Разговори и опишување на примери од животот за сторените добри дела, љубов, праведност, храброст и сл. |
| -да открива дека постојат разни начини за да им помогнеме на луѓето; | **Важни одлики кои треба да ги поседува секој христијанин** | Солидарност<br>Хуманост<br>Сочувствување<br>Помагање | Разговори со учениците како можат да направат некое хумано дело: собирање на облека, книги, играчки за оние на кои им се потребни.<br>Учениците изнесуваат примери за солидарност со другите, сочувствување, помагање.<br>Разговори и читање на одбрани текстови за хуманоста на човекот. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да разбере дека секој човек може да згреши;<br><br>-да научи да се преиспитува и да се покае за своите грешки;<br><br>-да се поттикнува да избегнува лоши и неправедни постапки; | **Покајание-преиспитување на себеси** | Покајание<br><br>Помирување<br><br>Проштавање | Читање на библиски текстови:<br><br>Јосиф (1. Мојсеј 37-46 глава);<br><br>Изгубениот син (Лука 15,11-32);<br><br>За должникот (Матеј 18, 21-35).<br><br>Разговори за сторените грешки и истите да не се повторуваат во животот.<br><br>Разговор за простувањето за направените грешки, кога искрено се покајува лицето за грешките. |
| -да го сфаќа значењето на мирот за животот на луѓето;<br><br>- да го цени мирот и секогаш да се залага за мир; | **Значењето на мирот и миролјубивоста на човекот** | Мир<br><br>Миролјубивост | Читање на текстовиот и разговори со учениците за мирот и миролјубивоста - миротворците; зошто тие се наречени синови Божји (Седмо блаженство). |
| -да сознава што е праведност и да прифаќа да биде праведен во животот;<br><br>-да сознава дека праведниот секогаш цврсто и храбро стои на страна на вистината; | **Праведен живот според Христовите заповеди** | Правда<br><br>Праведност<br><br>Солидарност<br><br>Неправда | Разговори за гладните и жедните за правда (Четврто блаженство).<br><br>Разговор за гонетите заради правда (Осмо блаженство).<br><br>Читање текстови и изнесување |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да сознава што е неправда и дека неправдата доведува до незадоволство кај луѓето; | | | примери од животот поврзани со правдата, солидарноста и неправдата. |
| -да сфати дека љубовта е темел на човековиот живот и благосостојба; | **Законот на љубовта - најголем закон даден од Бога** | Љубов<br>Љубов кон ближните | Читање на библиски текст за љубовта<br>(1.Кор. 13, 1-13).<br>Христијански заповеди:<br>1. Возљуби го Господа ...<br>2. Возљуби го својот ближен како себеси. |
| - да ги сознава значењето и потребата од благодарност кон Бога и кон луѓето (особено кон родителите); | **Благодарноста на човекот кон Бога** | Благодарност<br>Радост<br>Евхаристија= причест<br>Леб | Разговор за благодарноста на човекот кон Бога.<br>. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да се поттикне да размислува за важноста на животот;<br><br>-да го сознае значењето на Божјата заповед: не убивај;<br><br>-да прифаќа да го избегнува насилството и судирот меѓу своите врсници со трпеливост, разговор и проштевање; | **Чувај го дарот на животот и животот на другите** | Живот<br><br>Не убивај!<br><br>Дар Божји<br><br>Каин<br><br>Авел<br><br>Грижа<br><br>Помош | Шеста Божја заповед: Не убивај! (2.Мојсеј.29,13).<br><br>Читање на библиската книга за Каин и Авел. |
| -да ја сознава важноста на трудот за формирањето на личноста;<br><br>-да се запознава со учењето дека Бог го благословува трудот и дека трудот го изразува достоинството на човекот и неговата личност;<br><br>- да сознае дека неделата е ден за одмор; | **Христијанското вреднување на работата** | Работа<br><br>Трудољубивост<br><br>Должности<br><br>Недела ден Господов<br><br>Четврта Божја | Разговор за Четвртата Божја заповед.<br><br>Разговори и опишување примери од животот за работата, трудољубивоста, должностите на заедниците, родителите, наставниците и на другите луѓе.<br><br>Разговор за неделата како ден за одмор. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ја разбере мислата: Не сведочи лажно;<br><br>-да открива зошто е важно секогаш да ја говориме вистината;<br><br>-да увиди преку примери од животот дека лагата доведува до неволји; | **Сакај ја вистината со зборови и дела** | заповед<br><br>Вистина<br><br>Лага<br><br>Вистинољубие | Читање и разговор за библискиот текст: Деветтата Божја заповед.<br><br>Библиски примери: Јуда, Ана, Кајфа, лажни сведоци, Петар, (Матеј 26, 57-75).<br><br>Читање текстови и разгледување примери од животот поврзани со вистината, лагата, вистинољубието.<br><br>Учениците изнесуваат примери од животот од кои се гледа дека лагата доведува до неволји. |
| - да го свати значењето на верноста - како христијански добродетел;<br><br>-да сознава дека со изневерувањето ја губиме довербата меѓу луѓето. | **Што значи да се биде верен** | Верност<br><br>Доверба<br><br>Доверување<br><br>Изневереност | Читање и разговор за Седмата Божја заповед: Не прави прељуба!<br><br>Читање на текстови со содржина за верноста и довербата меѓу луѓето.<br><br>Разговор на оваа тема и изнесување други примери од животот. |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставната програма по предметот **етика во религиите** за учениците во V одделение е обликувана според развојните карактеристики на учениците и дидактичките стандарди за наставните програми. Наставниците по овој предмет според наставната програма ќе изработат подготовки за наставата по наставни теми и ќе го планираат наставниот процес со соодветни методи, активности и наставни средства, вклучувајќи ги и постапките за следење и проверување на знаењата и вештините на учениците за морално расудување.

**- Насоки за меѓупредметно поврзување**

При планирањето на наставата по предметот **етика во религиите** треба да се осмислува флексибилна организација на наставните часови со групна и индивидуална работа. Во обработката на секоја наставна тема треба да се поаѓа од искуството на учениците со цел содржините и активностите на часовите да бидат интересни и разбирливи за учениците, да се поттикнуваат да размислуваат и да изнесуваат свое мислења. Наставата треба особено да се поврзува со искуството на учениците по мајчин јазик, запознавање на околината, природа, општество, историја, ликовно, музичко образование и сл. и да се поттикнува поголема кооперативност на секој ученик во групната и индивидуалната работа.

**-Препораки за користење на годишниот фонд на часови**

Планирање на наставните часови по наставни теми

За предметот **етика во религиите** со наставниот план се предвидени по 2 часа неделно, односно 72 часа годишно. За да се постигнат планираните цели за секоја наставна тема ориентационо се планирани наставните часови. Притоа се зема предвид наставното време за обработка на новите содржини, како и потребните часови за утврдување и вреднување на знаењата и вештините на учениците за морално расудување. За првата тема "Етиката како наука за доброто и моралот", се препорачуваат вкупно 10 часа; За наставната тема "Етиката во религиите" се планираат 20 часа; Потоа, за темите од изборниот дел на предметот "Етиката во православното христијанско учење", "Етиката во исламското учење", "Етиката во католичкото учење", "Етиката во јудејското учење","Етика во евангелско-методистичкото учење", по 42 часа.
Планирањето на наставата е многу важно бидејќи наставникот има одговорност да им овозможи на учениците рамномерно да ги обработуваат наставните теми од програмата. Со ваквиот распоред на темите

учениците ќе ги сознаваат заедничките карактеристики, етичките и моралните вредности во учењето на религиите.

Наставни средства:
-прирачник за наставниците;
-учебник;
- други извори за учење;
- интернет, илустрирани списанија и сл. ;
- аудиовизуелни средства соодветни за предметот.

**Должности на училиштето за воведување на изборниот предмет етика во религиите**

Врз основа на наставаниот план што е донесен од министерот за образование и наука и наставната програма за изборниот предмет **етика во религиите** во основните училишта треба да се спроведе анкета на учениците во V одделение и нивните родители за навреме да се обезбедат точни податоци за бројот на учениците кои ќе го изучуваат овој предмет и да се формираат наставните групи. Во училиштата во кои има пријавено доволен број на ученици во V одделение се формираат наставни групи согласно со Законот за основно образование.

Согласно изборот на учениците за изборниот дел од наставниот предмет се формираат паралелките што ќе ја следат наставата за предметот **етика во религиите** во V одделение. Доколку не се пријават доволно ученици во истото училиште, тогаш може да се бараат алтернативни начини за организирање на наставата во согласност со основачот.

Откако ученикот кога ќе го избере овој предмет, тој станува задолжителен во неговиот распоред на часовите.

Успехот и напредувањето на ученикот се оценуваат со бројчана оценка која има влијание на општиот успех.

## 5. СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат активностите и постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивната мотивираност за учење, како и за соработката на секој ученик со другите ученици во групната и индивидуалната работа во текот на наставниот процес.

Поради специфичноста на наставата по овој предмет има потреба редовно да се планираат часови за проверување на знаењата и вештините на учениците за моралното расудување (според целите и содржините за секоја наставна тема), бидејќи многу значајно е на секој ученик да му се овозможи да размислува, да го изнесува своето мислење и да соработува со другите ученици.

Во наставата треба да се користат говорни вежби разговори/дијалози наставник/ученик, како и ученик/ученик. Исто така, треба да се применува усното проверување и оценување, индивидуалната презентација од истражувањата на ученикот на одредена тема или презентација од групната работа на учениците.

Учениците се оценуваат со бројчани оценки на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година, а во текот на наставната година наставникот формира описна и бројчана оценка.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по етика во религиите се реализира во простор и со опрема според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за основното образование.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по наставниот предмет етика во религиите ја изведува професор - специјалист по методика на наставата по религиско образование.

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА УТВРДУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по етика во религиите за V одделение за осумгодишното основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието ја утврди

на ден

______________________

Министер

Никола Тодоров